Петок
31 декември
2021
Година 1
Број 1

# ВЕСТИ ВО ЗЕМЈАТА НА ЧУДАТА

автор: Бранко Прља

ТЕМПЛУМ




Авијацијата се подготвува за одбрана

# ВОНЗЕМ-ЈАНИТЕ ЈА НАПАДНАА ЗЕМЈАТА!

Вонземјаните, на чело со Зе-Икс-Спектрум, објавуваат дека на денешен ден, 31.12.2021, ја преземаат власта над нашата Земја и ѝ порачуваат на авијацијата да ги прекине подготовките за одбрана и мирно да се предаде, зашто инаку ќе мораат да применат сила. Е, па СРЕЌНА НОВА ГОДИНА со желби за подобро утре и надежи дека барем оваа влада, па макар и вонземска ќе ѝ донесе просперитет и признание на нашата Земја.

## ... се слуша низ градот, се појави нов весник...



## ЗА ШТО СЕ РАБОТИ?

**Од редакцијата**

*Се работи за весник по ништо посебен, весник со вести и други прилози од областа на културата, спортот, времето, секојдневниот живот... Токму како таков и треба да го читате, без предрасуди и размислување дали се работи за вистински вести или не,* ***токму како што би читале кој било друг весник.***

*Толку.*

**НОВА УСПЕШНА АКЦИЈА НА УРБАНАТА ПОЛИЦИЈА**

## "ЌЕ ОДАМ НА ЖУРКИ", ВЕЛИ ПРЕОБРАТЕНИОТ ГРАЃАНИН

Рано изутринава, околу 5:30 по локално време, Урбаната Полиција изведе уште една од низата акции за подобрување на урбанистичкиот дух во нашиот град. Имено, УП влезе насилно во домот на 23-годишниот Т. Урбо и му ги одзеде сите ЦД-а со турбо фолк содржини и истите ги замени со колекција на модерни техно ЦД-а. "Ние работиме во името на урбаноста. Т.У. беше пријавен од страна на соседите заради неговото неурбано однесување. Акцијата беше извршена брзо и успешно, а граѓанинот Т.У. вети дека отсега редовно ќе оди на журките на најголемите светски хаус ди-џеи, кои често го посетуваат нашиот град, и како што дознаваме од соседите тој веќе почнал со преслушување на вредните техно-компилации што му ги оставивме." ни соопшти началникот на Урбаната Полиција, Ем Си Полис.

**САЕМ ЗА ИНОВАЦИИ**

## УНИВЕРЗАЛНА МАШИНА

Граѓанинот Наум Топук од с. Средно-долно-горно-малку-лево-па-десно Неодлучевци доби прва награда на овогодинешниот саем за иновации со неговиот патент "Универзална машина за читање и продукција на мисли со додаток за производство на тоалетна и вредносна хартија, како и катализатор на издувни гасови и радиоактивни материи со алтернативна намена за спиритуално прочистување." Веднаш по прогласувањето на победникот, наградата "Пофалница, со крадење на пронајдокот и протерување на пронаоѓачот во заборав" му беше врачена на среќниот Топук.

# МЛАДИНАТА СЙ ПОБИСТРА

### НОВИ СЛУЧКИ ВО ГИМНАЗИЈАТА "БИЛ ДЕБИЛ"



Завчера во гимназијата за американизација на вселената "Бил Дебил", ученикот У.С. заради мешањето на еден од професорите во неговото изразување на слободни прдежи, го изрази својот револт со испуштање атомска бомба над непросветените жители на Јужна Камбоџа, бивша покраина Заир, сегашна Нова Куба. Ова надарено момче беше запрашано од нашите новинари за изборот на локацијата, на што тој одговори: "Тие се терористи, човече, а нивниот лидер, диктатор. Тоа го заслужуваат!" И што да се каже по ова, освен, ура, за нашата напредна младина!

ММФ ВО
ПОСЕТА НА НАШАТА ЗЕМЈА

# НАШИОТ ГРАД КОНЕЧНО СО КОНЦЕРТНА САЛА!

Маму Му Факам (ММФ), патувачката театарска група од Јужен Кингстон, вчера пристигна и во нашиот град каде што во Салата на Универзумот одржа тричасовен хипнотички концерт. Сите граѓани кои не беа присутни на концерот присуствуваа на тричасовната масовна хистерија на аеродромот по повод испраќањето на оваа патувачка сензација. Хистеријата од масовна прерасна во семејна во домовите на несреќните граѓани. Сето тоа доведе до општо незадоволство и опаѓање на инаку одличната продуктивност на една, а всушност и единствена развиена индустриска гранка во нашата држава, производство на ништо, поради што се јави суфицит на нешто на кое никој не можеше да му најде намена. По повод тие случувања Министерството за култура одобри средства за изградба на огромна концертна сала во која ќе можат да се соберат сите граѓани, каде што нивните нервни синапси ќе бидат прочистени од вселенските звуци на светската музичка атракција. Така нашиот град конечно ќе добие концертна сала.



*Младите конечно ќе можат да престанат да „шизат“ по улиците и парковите.*

ВО МВР ВЧУДОВИДЕНИ

# КУЛТУРАТА ПОВТОРНО ЖРТВА

Напасникот на таксистите во раните утрински часови во вторникот повторно нападна! Настанот се случи околу три часот по полноќ кога веќе познатиот "НРО" (Неидентификуван Радио-такси Ограбувач) побарал превоз од такси компанијата "Баксуз". Веднаш по стигнувањето на бараната дестинација, "НРО" извадил нож, му го ставил под грлото на таксистот и му побарал да му ја раскаже животната приказна. Како и обично, по завршувањето на приказната напасникот истрчал од колата во непознат правец. Во МВР (Министерство за Вчудовидувачки Работи) се вчудовидени од постапките на овој злосторник. Портпаролот на МВР господин Чуден Пајкановски изјави: "Од наши извори дознаваме дека 'Ловецот на животни приказни', како што ние го нарекуваме, планира да објави книга кон крајот на годинава, наречена "Таксист". Имаме сознанија дека Ловецот оперирал во повеќе странски земји и дека соработувал во снимањето на некои филмови како консултант, на пример во филмот "Ноќ на приказната" од реномираниот режисер Шарм Ушовски и дека тој стои позади немирите меѓу конкурентските такси компании во соседна Црнија и Срна Гора наречени "Такси Рат". Како и да е, по издавањето на неговата книга ние лесно ќе го фатиме."

Ете, драги читатели, како стојат работите во културата и слободата на изразувањето.



Еден од нашите новинари во последното интервју со НРО, пред да исчезне

МФ И ВО НАШАТА ЗЕМЈА

# УМЕН КРЕДИТ

Нашата држава доби кредит од 66,6 милиони долари од меѓународната организација МФ(Mind Fucking), која се грижи за одржувањето на "оптималното и пожелно ниво на свесноста кај населението" во неразвиените земји во светот. Парите добиени од МФ ќе се искористат во две фази: изградба на "прифатилишта за надарени умови" и "домови за деца со напредни идеи" и набавка на апаратура која треба да се инсталира во тие објекти. Се работи за најновата генерација машини IQ -2006 (Idiot Quality-2006) и АЛБЕРТ (Апликација на Лудоста врз Бунтовни Единки со Разорни Техники) со кои треба да им се помогне на овие млади умови во нивното поуспешно социјализирање. Понудени се и алтернативни методи, пред сè, евтината варијанта на давање електрошо-кови и уште поевтината експлоа-тација на нивните мозочни клетки во развиените земји или замена на овие напредни индивидуи со нискобуџетни филмови и сапунски серии, месо од шизофренични домашни животни и безвредни артикли за масовна потрошувачка, за што треба да се расправа на претстојниот самит за врзување на неврзаните земји, организиран од МФ.



Една од серијата машини IQ - 2006

ВО "АРЕНА" ВИСТИНСКА АРЕНА

## СУДИР НА ЦИВИЛИЗАЦИИТЕ

### Дали Терор ќе го уништи Глобал?

На стадионот "Арена" утре во присуство на илјадници навивачи на Гол-купот ќе се одржи финалето наречено "Крвав-куп: Ловечко око". Во финалето се очекуваат нови возбудувања. Ќе се сретнат "Терор" од ИРАК (Ирелевантните Рудиментирани Анти-глобалистички Корпуси) и "Глобал" од САД (Соединетите Анти-терористички Држави). Целта на финалните игри е да се откорнат што е можно повеќе делови од телото за кои се добиваат одреден број поени, а најмногу за "Окото на ловецот", т.е. на капетанот на екипата. "Каква борба очекувате", го запрашавме г-динот Затру Ен Ум, организаторот на оваа спортска манифестација. "Се работи за судир на цивилизации. Од едната страна ги имаме Ирачаните, гадни момци, кои како деца играле фудбал на минските полиња ширум нивната татковина, одбрани крволочни гадови, а од другата вистински софистицирани убијци, воени ветерани кои присуствувале на сите воени конфликти во изминативе педесетина години предизвикани од силите на светското демократско преиначување, а нив ги немаше малку, нели?"

# ЕПП

СООПШТЕНИЕ НА ПРЕТСТАВНИШТВОТО ЗА ВРСКИ СО ИДНИНАТА

## НАМАЛУВАЊЕ НА НАСИЛСТВАТА

Нашиот претставник за врски со иднината соопштува: "Утре ќе биде облачно со повремени врнежи од дожд, ќе има 4 убиства, 5 сообраќајки и 45 тепачки. Изгласувањето на законот за воведување ред во иднината утре ќе биде одложен за утре. Во областа на културата нема ништо да се случува. Спортот донесува нови изненадувања, но да не откриваме сè. А, вие не заборавајте да се обложите!

### ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ОДРЖА ТРОГАТЕЛЕН ВОВЕДЕН ГОВОР

# ХАР ИСПОТЕН, ЕП НА НАШЕТО ВРЕМЕ



"Хар Испотен, лик од детскиот еп за триумфот на примитивното над цивилизираното, конечно од нашата калканска сцена се искачи на светската. Тој мал, дебел, смрдлив циник во пот-маица, кого сите деца одлично го познаваат, успешно ја отсликуваше нашата природа во изминативе децении на овие простори. Затоа ние, државјаните на оваа калканска провинција, Мерија Сотрија, од Големото Кралство на Обединети 1.056 Држави од Југоисточна Бретања, денес, на 15.06.2056., сакаме да му оддадеме признание на овој за нас, а наскоро и за светот, голем лик со градење на биста, наречена 'Статуа на Смрдеата'." Ова беше кажано од страна на градоначалникот на главниот град на Мерија Сотрија, г-динот Деб Ел Прд Еж (доктор на науки и филозофија со уметност, калканско-француски обичаи за хигиената и светска мисла всадена во неговите потни пори на кората на големиот мозок) на отварањето на 156-та светска изложба.

**г-дин Деб Ел Прд Еж**
**во миговите на вистинска среќа и радост, по јадење**

### ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД ПЛАНЕТАТА НА РАЗУМОТ

# ДОБИВМЕ КЕЦ, А НЕМА ПОПРАВЕН

**Признаени постигнувањата од областа на медицината**

"Ние, претставниците од планетата на Разумот и Мирот, дојдовме денеска, на ден 3554. 35/4 300405.5 универзално време да ја споделиме со вас нашата мудрост и да ги просветлиме вашите мали, недозреани главчиња, вжештени од смешно-глупави идеи. Дојдовме да ви соопштиме дека вие сте чир во стомакот наречен Вселена, тумор во мозокот на големото-бесконечно-Општ(е)ство и дека ако има барем една работа за која вие сте во право, тоа е дека единствениот лек против туморот е неговото отстранување.", беше кажано на средбата на претставниците на високо-развиените држави/градови од планетата Земја и претставниците на хипер-ултраептен развиените екстратерестријални цивилизации. За тоа што се случи понатаму читајте во следниот пасус.

Голема Светлина. Фејд аут. Крај.

### ДОЛГООЧЕКУВАНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА АСТРОНАУТОТ ГАРГАРИН

# КОЛКУ Е ТЕМНО ЗАТЕМНУВАЊЕТО?



Астронаутот Вселенски ужива во првото бањање, по месеци. ,,Од МВБ (Министерство за вселенски бродови) рекоа дека туш-кабина е луксуз!'' се жали Гаргарин.

МНАУ (Мала, но Наша Астрономска Унија) го соопшти првиот извештај на нашиот славен астронаут Гаргарин Вселенски, кој беше испратен на Месечината по повод нејзиното затемнување за да ја оспори таа масовна илузија. И вистина, во извештајот децидно се вели: "Не се затемнува Месечината, туку Земјата!"

Ова е навистина големо сознание кое, како што дознаваме од нашите известувачи, веќе предизвика бум на пазарот на научно-филозофската мисла, каде што се води тешка расправа за тоа колку всушност е темно затемнувањето. Да се префрлиме во салата за седници на светското научно друштво од каде што ни пишува нашата дописничка Тем Нина: "Еве, токму во овој миг се расправа за тоа дали постои апсолутна темнина и изгледа дека е докажано дека не постои. Затоа, спијте мирно". Како што прочитавте, драги читатели, нашата МНАУ повторно го спаси светот, воведувајќи рамнотежа помеѓу светските сили и вечната борба меѓу доброто и злото.

# "ПИЦА БУРЕК" ГЕНЕРАЦИЈАТА СИ ПОГЛАСНА

**"Другари, да не дозволиме вашата планета наместо Бурек да се прекрсти во Швајцарско Сирење. Да им ставиме крај на насилствата! РаЗуум!" беше речено на крајот на средбата од страна на нашиот претседател Бучен Козјак.**

**МЕЃУПЛАНЕТАРНА СРЕДБА ВО ХОТЕЛОТ "ОБЕДИНУВАЊЕ"**



Претставниците на четирите четвртини од планетата Бурек, по средбата

Вечерва, во салата за конференции на прекрасниот хотел "Обединување", под мотото "РаЗуум!", ќе се одржи средба на четирите четвртини од соседната планета Бурек. Нашата планета Јогурт со векови наназад безуспешно се обидува да ги усогласи спротивставените ставови и "вкусови" на четирите области. Имено, како што знаете, најдоминантната од областите, наречена Месо, во неможноста да го разреши спорот со втората по сила област Сирење во однос на доминацијата над Спанаќ, беше изиграна од Пица, која стана омилена меѓу младината поради своите прогресивни идеи. Идеолошките судири од тоа време резултираа со физички пресметки. Состојбата денес не е ништо подобра и тежнее да прерасне во уште една војна во низата судири во историјата на оваа планета. "Другари, да не дозволиме вашата планета наместо Бурек да се прекрсти во Швајцарско Сирење. Да им ставиме крај на насилствата! РаЗуум!" беше речено на крајот на средбата од страна на нашиот претседател Бучен Козјак.

Резултатите од средбата ќе бидат соопштени утре, а дотогаш, жители на Јогурт, спијте мирно и не придавајте им значење на гласините за немирите во малиот регион Овошен Јогурт, зашто се работи за чисти дезинформации.

**НОВ ЗАКОН ВО ИНТЕРГАЛАКТИЧКИОТ УСТАВ**

# ЕНДЕМИЧНИТЕ ВИДОВИ МОРА ДА СЕ ЗАШТИТАТ

"Со овој акт, ние, лидерите на Геа Доминатрикс, Обединет Соларен Надсистем од галаксијата Правиот Пат, го забрануваме ловот на ендемскиот човечки вид во регионот на Соларниот Систем, галаксија Млечен Пат. Забраната особено се однесува на сите понапредни цивилизации кои го образложуваат ловот со ниското ниво на свесност кај човекот, како и неговото однесување кое не покажува разумност и емоции од повисока фреквенција, туку според протоколот на тие 'високонапредни-цивилизации-кои-си-дозволуваат-за-сметка-на-тоа-да-изигруваат-Господ' едвај стигнува до 4-тата фреквенција од можните 56." Како што ни беше емитирано од официјални извори, Конзилиумот на Универзумот со седиште на Геа Доминатрикс ја донесе оваа одлука поради загрозеноста на овој ендемски вид, кој сеуште може да ѝ даде на науката вредни податоци за потеклото на животот.

**ОТКРИЕНА "ПОСЛЕДНАТА ПОРАКА"**

# "КОЛКУ ЛЕТА ВРЕМЕТО!" ВЕЛИ КАПЕТАНОТ

**Најавена првата епизода од серијата за животот на живите луѓе**



Прототип на првиот е-човек

*"Добредојдовте на уште едно од нашите интересни патешествија низ Вселената. Во денешната емисија ќе отпатуваме во далечната галаксија М123/456. Патот отпочнува... Еве, драги гледачи, се наоѓаме во галаксијата М... токму сега добивме извештај од нашиот контролен компјутер: "Поради релативноста на времето, на Земјата се изминати 654.321 г. од почетокот на вашиот пат. Човечката раса е изумрена и ве молиме, вратете се за да ја воскреснете. Крај на пораката." Колку лета времето, драги гледачи, изгледа дека веќе мораме да се вратиме. Но, не тагувајте, се гледаме во следната епизода на 'Волшебните патешествија низ вселената'."*

- од "Електронскиот запис на последните човечки индивидуи во материјална форма, пред да отпочне ерата на мрежната електро-индивидуалност". Ако сакате да дознаете повеќе за реалните луѓе, нашите предци, нивниот рудиментиран начин на размислување, чувствување и како тие го доживувале светот, насочете ги своите електрони кон координатите 12-56-05/45,67 вечерва во 135.74 часот за да ја проследите првата епизода од серијата: "Планетата на луѓето". И, не заборавајте да ги платите сметките кон ТелЕлектроКом, зашто знаете дека исклучување значи смрт.



Една од нашите натпреварувачки во женскиот стрелачки тим, Луда Само-Стрела се надева на подобар пласман следниот пат

**БАЛКАНСКИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ**

# НЕ СМЕ ДОВОЛНО ЛУДИ, НО ЌЕ БИДЕМЕ!

Пасивноста во решавачките моменти беше основната причина за лошите резултати на нашиот тим на шестите Олимписки Игри на менталните пациенти од бившите Ју простори, наречени "Лудачка кошула 2012". "И покрај тоа што нашиот тим повеќе дваесет години интензивно тренира за овој вид настани, сепак потфрливме. Но, условите во кои живее денешната младина даваат надеж за создавање нови генерации успешни спортисти со високо ниво на лудост кои со сигурност ќе ни овозможат повеќе победи на Олимписките Игри во иднина." рече селекторот на нашиот олимписки тим. И додека нашиот тим се подготвува за враќање дома, ни останува само да се одјавиме со желби за подобри резултати на следните Олимписки Игри.



# ЈА ПЛАНИРАТЕ ЛИ ИДНИНАТА?

**Знаете ли што ве чека утре? А, задутре? Се разбира дека не знаете. Да знаевте немаше да ја склучите таа погубна зделка, немаше да тргнете на пат со тој автомобил со расипани сопирачки, немаше да се двоумите околу цената на станот по кој ќе жалите со години...**

**Сакате ли да се заштитите од вакви големи и многу други помали непријатности во вашиот живот? Сакате ли да се бидете сигурни во тоа што ве чека ЕДНАШ ЗА СЕКОГАШ!**

## Повелете во
# КРИСТАЛНА ТОПКА



**Најевтини пророчки услуги во градот!**

Прогнози (со 50-50% можност за грешка) 100,00
Предвидување на една случка 500,00
Низа од случки што водат до конкретен настан 1.000,00
Љубов 2,500,00
СРЕЌЕН ПАКЕТ: семејство, работа, здравје, пари 5.000,00
Комплетен третман 25.000

Специјален попуст за лица со пречки во моралниот развој!

Не одговараме за можните последици од дознавањето на сопствената судбина


**НАЈНОВИ ВЕСТИ ОД ТЕМПОРОЛОГИЈАТА**

# ВРЕМЕТО ЗАСТАНА!

Времето, драги читатели, денеска во 12:47 застана. Научниците во изминативе немерливи мигови безуспешно се обидуваат да го помрднат. Добивме известување од еден од научниците од тимот "Спаси го времето": "Изгледа дека отсега ќе мораме да живееме во сегашноста." изјави немоќно научникот. За новиот развој на настаните следете го следниот дневник во 12:47. До тогаш, играјте временска прогноза!

### РЕНОМИРАН НАУЧНИК, ЗА ПОТЕКЛОТО НА ВИДОВИТЕ

# КАКО ЛУЃЕТО СЕ ВЦРВИЈА

"Сè тргна од човечката алчност." го започна разговорот реномираниот нобеловец д-р Фикс Идеја. "Пред илјадници години, човекот воден од својата желба за сè повеќе храна, почна да гради огромни кланици што предизвика заситување на популациониот базен на црвите кои живееја во околината на кланиците. Црвите почнаа да мигрираат кон живеалиштата на луѓето и тие исплашени од оваа појава решија да применуваат разни биохемиски средства за да ги уништат. Така беше употребен и фаталниот препарат анти-црв-М200/6, кој не само што не ги уби црвите, туку и ги направи интелигентни. Тие почнаа ноќе да држат состаноци на интелектуалната младина за мекотелен прогрес со цел, како што подоцна дознаа луѓето, "уништување на одвратната цицачка раса", додека дење ги поткопуваа темелите на човечките живеалишта. Луѓето, соочени со невиден и нерешлив проблем, почнаа да бегаат и бегаа сè до работ на плочата Земја од каде што беа турнати во празнината и изедени од Големиот-Црв, нашиот Господ и носач на плочата Земја."

### АГЕНЦИЈАТА ЗА МИСТИЦИЗАМ АЛАРМИРА

# ЦРНИТЕ МАЧКИ СТАНУВААТ БЕЛИ!?



,,Се потешко се наоѓаат вуду кукли за деца во градов'' ни раскажува еден загрижен родител

Агенцијата за натприродни мистерии и окултни прашања вчера го објави извештајот за зголемената стапка на рационалност кај младината. "Загрижувачки е фактот што сè повеќе млади луѓе прибегнуваат кон рационалистичкиот светоглед, пропратен со позитивистичко-емпиристички тенденции во определбата за идните животни професии.

Според истражувањата направени во една гимназија за развивање на суеверниот поглед кон стварноста, дури 75% од учениците покажале антимистични гледишта и голема наклонетост кон рудиментите од природните науки сеуште застапени во овој тип општи гимназии." соопштува Високиот Мистичен Свештеник за Образование, а Нешто Повисокиот Мистичен Канцелар за Натприродни Прашања уверува: "Пробавме со сите методи, од прочистување со крв од луда кокошка на полноќ од 13-от ден на раѓањето на Магарето со Мали Уши до перење мозок со хипнотичка смеса од зборови на нашиот прататко Терциус Рајхус, но ништо."

### СВЕТСКИ КОНГРЕС НА НАУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА

# ПАТ КОН УСПЕХОТ



,,Нудиме специјални попусти за млади брачни парови,'' вели д-р Тиовде

Нашиот реномиран научник д-р Откај Тиовде на Светскиот конгрес на научните достигнувања од областа на научната фантастика, се претстави со предавање на тема: "Паралелни стварности и порти кон иститe". Тој, меѓу другото, рече дека успеал да контактира со неговиот двојник Евесум Тука од паралелната димензија во која нашата земја е просперитетна и една од најбогатите во светот. Можеби најинтересна е неговата понуда за размена на луѓе меѓу двете димензии, за која беше објавен конкурс во нашата земја на кој се пријавија 99,7% од населението, иако беше стриктно нагласено дека "патниците" ќе мора да се откажат од својата душа, од чија енергија ќе се добие енергија за работата на машината.

Граѓанската асоцијација "Полна Месечина", по повод алармантната состојба во образованието и со цел да се подигне мистичната свест кај граѓаните, повикува на палење нормални жени на клада на градскиот плоштад на полноќ на 06.06.2006. Билетите во претпродажба можат да се најдат во Пурготон, Чума до чума и Демон 2.

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВРСКИ
СО АПСТРАКТНИ ПОИМИ СООПШТУВА

# ХУМАНОСТА УМИРА!

**Смртоносниот вирус ЗАЗ ја нападнал Хуманоста**



Научниците тврдат дека вирусот се пренесува преку допир, што значи дека „Хуманоста се заразила од нечисти раце". Етичарите ја критикуваат ваквата двосмислена забелешка како „неблагодарна и злобна" кон Хуманоста и како „последно нешто што ѝ е потребно" во моментов.

Вчера, како што ни соопштува Министерството за врски со апстрактни поими, поимот Хуманост се разболел од неизлечива болест предизвикана од вирусот ЗАЗ. Специјалистите по астрактна медицина не се ентузијасти: "Се работи за мутиран вирус, предизвикан од ненормалните и во последно време сè позачестените инцестуални односи меѓу Зависта, Алчноста и Злобата. Вирусот ги зафаќа виталните органи на телото на Хуманоста, како на пример Љубовта, Пријателството, Алтруизмот и слично, при што доведува до општо разорување на нивното чувствено ткиво." Експертите велат дека ова не е прва критична состојба на поимот Хуманост. Имено, тој во минатото бил напаѓан од бројни вируси, има преживеано два атентати, четири срцеви удари, еден мозочен удар и дури осумнаесет различни телесни повреди во најразлични делови од телото. Па, да се надеваме дека и овој вирус ќе биде само уште една болест повеќе во клиничката историја на Хуманоста и ништо повеќе.

ОД ЛАБОРАТОРИИТЕ НА ВРВНИТЕ ИСТРАЖУВАЧИ

# И ПО КАФЕТО - КАФЕ!

**Вековниот сон на балканските научници остварен**

Денес, на овој величествен ден, научниците конечно го постигнаа она што со векови station наназад се имаат обидувано. Конечно е направена машина за патување низ кафето! Имено, научниците уште пред триста години открија дека времето не е апстрактен поим, ниту форма на енергија, туку дека претставува збир од честички кои паѓаат во огромен сад кој се стеснува на средината. По околу двеста години се доаѓа до фамозното откритие дека тие честички се зрнца кафе. Од тогаш научниците се обидуваат да воспостават контрола над тие зрнца. И ете, денес тие успеаја да го свртат часовникот и да го вратат времето назад. Постојат и наговестувања дека текот на зрнцата може да се успорува, според што сега имаме време на претек. Значи: оставете ги секојдневните обврски, не грижете се за иднината, не брзајте, успорете се, испијте кафе, па уште едно и уште едно и уште...



Тенисот, на второ место според капиталот на клупите, тежнее да го завземе приматот годинава, но резултатите се сѐуште неизвесни.

СПОРТ

# НАВИВАЧИТЕ НА К. СЕ ИСКАЧУВААТ НА ПРВО МЕСТО

На денешниот натпревар навивачите на К. постигнаа победа со 3 убиства, 34 потешки и 300 полесни повреди над тимот на навивачите на О. со резултат 1/20/250. Меѓутоа, на трибините резултатот е поинаков. Фудбалерите на тимот К. сместени на јужната трибина постигнаа парична добивка од 3.000 парични единици, а тие на О. на северната 3700. По овој натпревар, навивачите на К. се пласираат на првото место од листата, додека фудбалерите на К. заостануваат со 50 парични единици зад фудбалерите на најпрофитабилниот тим ОК. Селекторот на фудбалерите вели дека причината за заостанувањето е во бавните конекции на нивните компјутери, поради што тие не можеле доволно брзо да купуваат акции и да склучуваат договори, но по смената на провајдерот, селекторот се надева на искачување на првото место.

### ПО ПОВОД ДЕНОТ НА НЕДРЖАВНОСТА

# ПОВЕЌЕ НЕНЕШТО ОТКОЛКУ НЕНИШТО

"На денешниот ден отпочнува иднината, времето веќе не се мери во секунди, туку во иднинди, а гледката не завршува на хоризонтот, туку таму отпочнува; кога гледаме кон ѕвездите веќе сме таму, а кога смислуваме дело веќе е готово." Така гласеше говорот на еден од првите футуристи и претходници на нашето општество. Но, денес ние знаеме дека иднината не постои, како што не постои ни минатото. Нашата цивилизација на сегашноста е изградена врз заборавот и непланирањето и како таква е единствена во неисторијата. Денес имаме цели градови кои се неизградени и никогаш нема да бидат, но сепак е прекрасно да се живее во нив. Нехраната е одлична, а нестандардот е на високо ниво. Ништото е во опаѓање во однос на ненештото, а и невремето ни е наклонето во однос на нашиот непростор, поради што треба да бидеме повеќе од задоволни." порача нашиот невладетел на прославата на Денот на недржавноста.

### СООПШТЕНИЕ НА ДРУШТВОТО НА КУВАРИТЕ

# ПРОНАЈДЕНА КНИГАТА НА СОЗДАВАЊЕТО!

На 23 септември 1993 г. се одржа средба на Меѓународната Астрономска Унија, со цел да се именува првата откриена планета надвор од Системот на Големото-и-Самозаљубено-Сонце. По целодневната дискусија решено е планетата да се именува како Кукис Примус.

На истиот ден во паралелната вселена се одржа средба на Меѓународната Гастрономска Чинија, со цел да се именува првото колаче откриено надвор од кралската кујна на Семоќниот-Владетел-Кувар-Трети. Колачето е наречено Планетис Примус.

На 23 септември 2003 г. писателот на овој извештај, инаку член на редовните пекарски сили на Армијата на Република Гастрономикус, сфаќа дека постои некоја мистична поврзаност меѓу двата настани, некоја космичка изместеност, чудесен чин на телепатско поврзување меѓу световите и восхитен од тоа сознание прави колач од ѕвездена прашина и изедувајќи го се преместува во повисоките сфери. Тој чин е проследен од другите припадници на споменатата армија кои го прогласуваат него за Писател-Пекар, што е највисок чин во тамошната армија. Потоа некои од нив ги пронаоѓаат загубените списи на Писателот-Пекар и од нив ја составуваат Големата Книга на Создавањето на Ѕвезденото Колаче.

На 23 септември 3003. г. човечката цивилизација е веќе сосема изморена од војните, сопствената глупост, сиромаштијата, алчноста и е соочена со опасноста од сопственото исчезнување. И навистина, да не беше Тој, обичен човек, повлечен научник, археолог, мечтател, занесеник по старите исчезнати цивилизации, кој ја пронајде со векови загубената Голема Книга на Создавањето на Ѕвезденото Колаче, немаше да се врати вербата во трудот, меѓусебното помагање и создавањето и навистина ќе беше крај за владеењето на човекот на оваа мала, осамена планета.



Писателот-Пекар ѝ ги објаснува тајните на Големата книга на својата сопруга (фотографија: благодарение на Големата Историска Архива)


# РЕКЛАМА

### ГОЛЕМАТА КНИГА ПО НАЈМАЛИ ЦЕНИ ВО ИСТОРИЈАТА!

Купете ја Големата книга на Создавањето на Ѕвезденото колаче во нашите продавници ширум галаксијата по најповолни цени. Дознајте зошто Писателот-Пекар е најпопуларниот, а воедно и најпочитуваниот писател во целата Вселена и искористете ја неповторливата можност и вие да ја спасите вашата цивилизација од пропаст за 299,98765 денари. Да, само 299,98765 денари! Јавете се на речиси бесплатниот број 2987-654. Нашите операторки со сексапилни гласови ве очекуваат. Јавете се веднаш и ќе добиете подарок "Куглов-Глобус" за обликување на вашето ѕвездено колаче и специјален подарок, 100 совети за правење јадења од круши.


**Читателот:** Круши? Зошто круши?
**Писателот:** Одговорот на тоа и на многу други прашања следува.

*Останете со нас, се враќаме на следната страница.*

## Наместо вовед во вториот дел

Драги читатели, тука започнува вториот дел од нашиот весник. Наша должност, како уредници, е да ве предупредиме дека во вториот дел ќе се сретнете со неверојатни сознанија од обласга на паранормалното, застрашувачки и скандалозни вистини за постоењето и конечно вистини за самата вистина. Да не испадне дека тропаме глупости, ви нудиме и неколку референци во врска со спомнативе проблематики во вид на биографии на некои од славните личности низ историјата. Авторите на овие текстови не одговараат за можните последици по (пред сè!) менталното здравје на неговите тврдоглави (Бог знае зошто!?) читатели кои продолжуваат да читаат иако беа предупредени.

од редакцијата

АПЕЛ

# ЈАБОЛКОТО НЕ, КРУШАТА ДА

"Прашањето, драги читатели, кое деновиве се поставува пред нас како актуелност, но пред сè и како морална одговорност, е дали поскапувањето на јаболката има некаква врска со поевтинувањето на крушите. Јасно ни е дека повеќето од вас ќе одговорат - да, но помислете пред да одговорите зашто се работи за исклучително чувствително прашање. Одговорот би можел да биде и не! Да, драги читатели, ние мислиме, поточно тврдиме дека поскапувањето на јаболката има врска со заверата на нивните производители и црвите кои заеднички го контролираат пазарот на јаболката. Затоа, ве повикуваме на јавен протест со цел да се натераат црвите да се вратат на своите работни места!" беа зборовите на еден од најголемите производители на круши г-дин Круш О' Круш. Но, толку за тоа. Денешната тема е виртуелната реалност.

НАУЧНА РАСПРАВА

# ВИРТУЕЛНАТА РЕАЛНОСТ Е ВИРТУЕЛНА

Како што се гледа од насловот на оваа научна расправа, виртуелната реалност е навистина виртуелна. А, сега да се навратиме на крушите.

ЗДРАВЈЕ

# КРУША ДА, ЈАБОЛКО НЕ. НО, ДАЛИ СЕКАДЕ?


Најголемите крушофили и крушологисти во земјата, сликани пред крушковото топче во Крушково

Дека јаболката не се здрави е многу јасно. Ако е нејасно, сетете се само на митот за Адам и Ева. Ако ова не укажува на тоа дека треба да јадеме круши, а не јаболка, тогаш не знам што укажува. Јасно е како ден дека да се јадат јаболка е грев, а да се јадат круши не е. Крушите се здрави и го зајакнуваат телото и духот, независно дали се наоѓате во реалниот или виртуелниот простор. Тоа нè навраќа на прашањето за виртуелната реалност.

Имено, прашањето дали Адам и Ева би биле казнети да имале изедено виртуелно јаболко ги мачело најголемите мислители, меѓу кои и Биг Епл од Њујорк, Јабол Ковоцет од с.Киселица, Ја Болч од Ница и др., но ниеден од нив нема дадено одговор на тоа прашање. Но, за тие што не се задоволуваат со неодговорени прашања, еве нешто и на таа тема.

биографии на славните луѓе

# ПЛАТОН вс ХАРИ ПОТЕР



младиот Платон

"Драги, сакам да поразговараме за нешто" му рече г-ѓа Мајка-му-на-Платон на г-дин Татко-му-на-Платон, додека лежеа во брачниот кревет од ореово дрво во нивната голема куќа во главниот град на државата Ангина, една топла летна вечер 1989 г. и.е. (измислена ера). "Кажи, драга" рече г-дин Татко, не дигајќи го погледот од книгата во која беше задлабочен веќе неколку вечери по ред. "Мислам дека нашиот син заслужува повеќе од тоа што ние можеме да му понудиме." "Зарем повторно за тоа!?", се намурти г-дин Татко и го сврте грбот кон неа. "Да, повторно за тоа! Знам дека ние можеме да му пружиме сѐ, но ми се чини дека тој бара повеќе, тој бара нешто... духовно, ме разбираш." "Прати го тогаш на временски студии*, само остави ме да ја дочитам книгава." "И да знаеш дека ќе го пратам"

И така Платон, како единствен син на оваа прекрасна аристократска двојка, е пратен на временски студии во Платонова Академија, таа престижна институција за унапредување на магионичарството.

Првите денови му поминуваат тешко. Одамна од дома, ненавикнат на обврски и невешт во комуникацијата Младиот Платон тешко се приспособува на средината. Почнува да отсуствува од часовите, да заостанува со материјалот и му се заканува губење на стипендијата. Но, еден од најпопуларните професори на Академијата, всушност самиот нејзин основач, Стариот Платон, го препознава талентот на овој студент и го повикува на разговор.

"Кажете ми, Млад Платоне, што се случува со вас, како да се губите?!"
"Не знам... во почетокот ми беше интересно, но триковите што ги учиме не ме инспирираат. Сакам нешто повеќе, а не да бидам само забавувач."
"Што е тоа што го бараш?"
"Сакам да го сменам светот, да му дадам нешто повеќе од зајак во шапка! Сакам да станам најголемиот магионичар на светот, кој ќе ги одведе луѓето во нова ера и нова перцепција на стварноста во која ќе нема граници и сите ќе бидат тоа што треба - Слободни!"

Учителот го отпушта ученикот без коментар, но во него нешто се разбудува. Поминува цела ноќ буден размислувајќи за тоа колку Младиот Платон е сличен на него кога бил млад, пред да стане декан и афирмиран магионичар со преку 200 настапи годишно низ земјата и светот. Таа вечер нешто во него се прекршува.

**СЕНЗАЦИОНАЛНА ВЕСТ!**

## ПЛАТОН ИСЧЕЗНУВА

*Платон, најголемиот магионичар на сите времиња и декан на престижната Академија за Магионичарство, е пронајден исчезнат, односно не е потврдено неговото постоење денеска рано изутрина. Немаме официјални податоци, но се шпекулира дека Платон се обидел да го изведе најголемиот магионичарски трик на сите времиња. Имено, во обидот да ја крене идната Ајфелова кула и да ја однесе до Јонското Море каде што добро ќе ја измие и ќе ја врати во идно-идната Франција на патот наидува на пречка и поради мачното, долготрајно и неуспешно убедување на идно-идните Грци да ја пуштат кулата на граница, тој губи сила и исчезнува засекогаш во меѓувременските тунели. Каква трагична судбина! Но, не тревожете се, за среќа тука е неговиот двојник, поточно самиот тој од иднината, како студент на временско патување, кој ќе се замени себеси на положбата декан на Платоновата Академија.*

Не поминува многу време, а Младиот Платон веднаш ја искористува високата положба на која што се наоѓа. Ги собира најдобрите магионичари од земјата да го направат најголемиот магионичарски "пронајдок" на сите времиња: ПЛАТОНЕТ!

Платонет е изум кој ќе им овозможи на луѓето влез во една поинаква стварност, според некои нарекувана Виртуелен Свет, иако самиот Платон го преферира терминот Свет на Идеите. Тој свет е дизајниран според неговите вредности и мерки за совршен свет каде што сите луѓе ќе можат да имаат сѐ што ќе посакаат, со што автоматски ќе бидат ослободени од сите желби, а желбите се причината на човековата несреќа. Луѓето воодушевено ја прифаќаат оваа идеја и во следните години масовно се приклучуваат кон оваа нова реалност.

Денес, поголемиот дел од светската популација е дел од глобалниот свет без граници, Платонет. За жал, Платон набргу по остварувањето на својот сон умира, но кон средината на 21-тиот век од и.е. (информатичката ера) се враќа во електронска форма, претставувајќи се пред Платонет популацијата како ГОСПОТ(Големиот-Омни-Сајбер-Панкер-Од-Техно-ерата), господарот на електронското време. Неговото појавување е предвидено од големите компании за производство на компјутерска опрема, токму кога популарноста на Платонет опаѓа поради големата кампања против зависноста од виртуелната стварност. И токму Тој, ГОСПОТ, ќе биде избраниот кој ќе ги предводи толпите кон спасение и нова Техно-религија во која конечно сите ќе можат да го почувствуваат ГОСПОТ во себеси, директно преку мониторите на своите домашни компјутери.

И што ни останува да кажеме уште, освен: "Браво за Платон, но што стана со Хари Потер?"

** Привилегија на богатите семејства од Ангина. Подразбира пат со временска машина во образовни цели за еден член од секоја генерација.*

**РЕКЛАМА за РЕКЛАМА:**
Заборавете го Хари Потер, **ПЛАТОН ЕЛЕКТРОНИКС** ви нуди нешто многу подобро:

Не пропуштајте ја приликата и вие да го почувствувате ГОСПОТ! Купете ги најновите модели на компјутери од продавниците на Платон Електроникс ширум светот по цени достапни за секого, или нарачајте преку World Plato Web на адресата: WPW.ELEKTRO.MAN Во меѓувреме, додека не купувате компјутери, префрлете ги вашите ментални фреквенции на нова тема.

ВЕСТИ ОД ДЛАБОЧИНАТА

# НА ФИЛОЗОФСКАТА МИСЛА

Драги читатели, денешната сторија ни доаѓа од длабочините на филозофската мисла на нашиот сограѓанин проф. Мис Ла. Таа приказна не е вистинска, таа е потполно измислена, како и нејзиниот автор. Јас, всушност, не сум јас, туку некој што пишува за мене, а тој, логично, не е јас. И сторијата не е вистинска, туку е фалсификат. Во вистинската приказна се работи за длабочините на човечката глупост прераскажани од устата на нашиот трач мајстор г-дин Врач. Тоа е трагична приказна за човекот и неговата потрага по моралните вредности во модерното општество. Тој, за жал, не ги наоѓа, но наоѓа едно столче на кое седнува и смислува најголема мисла на светот.

ПОЛИТИКАТА

# Е НАЈГОЛЕМА МИСЛА НА СВЕТОТ

"Денеска присуствуваме на чинот на раѓањето на најголемата мисла на светот. Таа денес е сѐуште мала, но ќе дојдат времиња, ве уверувам, кога ќе стане голема колку планина, длабока колку океан, широка колку газот на учителка..." го прекинуваме обраќањето на нашиот реномиран Проф. Мис Ла и се префрлуваме на повкусна рубрика во која ве очекуваат многу пријатни изненадувања од областа на подготвувањето вкусни јадења и пијалоци:



**проф. Мис Ла**

дипломиран мислител и доктор по мисловни науки

*** Инстант мудри мисли за секакви прилики**
*** Решавање на секојдневни загатки**
*** Совети, консултации и мислења за различни проблематики**
*** Решавање мисловни и др. рационални маки**
*** Часови по мислење, размислување и обмислување**

## Најповолни цени во градот

**Активирање на 1-5 милиони синаптички трансмисии**
**500,00** (во зависност од мозочниот центар што се активира)
**Активирање на 5-10 милиони синаптички трансмисии**
**1000,00** (во зависност од мозочниот центар што се активира)
Работа со лева хемисфера (анимација и стимулација)... 5,000
Работа со десна хемисфера (анимација и стимулација)... 10,000
Во пакет... 12,500

**Повелете кај проф. Мис Ла**

РЕЦЕПТИ

# КАКО СЕ ПРАВИ АЗОТ ОД БОЗА



фотографија од работилницата за правење азот од боза

Денешниот рецепт е правење на газот... пардон, азот од боза. Земете едно литро боза, истурете го во широк сад и чекајте да испари бозата од него. Тоа што ви останува во садот е чист азот. Ако сеуште не ви е јасно, повелете во нашата работилница на ул. Бо, 3а, секој петок во 19:00

НАУКА

# АЗОТ, НЕ КИСЛОРОД ЗА ЧОВЕЧКИОТ РОД

Азотот го има во атмосферата во процентуално учество од 78%, другото е претежно кислород, некои бедни 20%, што јасно укажува на фактот дека ние луѓето дишеме азот, а не кислород. Тоа го потврдува и познатиот експеримент на Д-р Бог Вог Гог. Во експериментот, на субјектот му се спречува дотокот на азот во неговиот организам со затворање на дишните патишта, по што пациентот умира. Д-р О. Блог Влог Глог заклучува: "Јасно е дека причината за смртта е недостатокот на азот во дишните органи."

Тргнувајќи од непроценливо вредниот заклучок на модерната наука за значењето на азотот за човекот, неминовно ни се наметнува прашањето, а што е со Ван Гог? Дали и тој дишел азот или нешто друго што му овозможило да стане еден од "вечните"? Одговорите следат, читајте.

# ВАН ГОГ вс ЧА-КА

**биографии на славните луѓе**



Ван Гог, од времето кога сѐ уште бил ,,хај'', пред да стане ,,даун''

Ван Борг, најголемиот писател на северозападниот исток е роден во малото место Лондон, во индиската колонија Англија. Мајка му, Мадр Борг, учителка по криминологија, го подучува Јанг Борг на криминалните техники објаснети во делата на Ед Ган По и Ага Крист. Така, од ден на ден Јанг Борг се трансформира во најголемиот криминален ум на новиот век, Ман Борг. Но, набргу се заситува од таквиот живот и решава да стане најголемиот импресионистички сликар, Ван Гог.

Ван Гог не успева да стане најголемиот сликар на сите времиња, па решава да умре и да почека да биде откриена неговата генијалност и да живее од милионскиот профит на неговите слики. Така, денес тој е еден од најбогатите луѓе во Северна Америка. Има преубава жена, порно ѕвездата Тања, сакана седумгодишна ќеркичка, сопствена плантажа на кока во дворот, базен и сѐ друго што еден просечен Американец би сакал да го има. Но, една вечер Ван Гог сонува сон дека е д-р Бог и се гуши од кислородот во белите дробови. Се буди избезумен и го менува животот од корен. Продава сѐ што има. Ја праќа жена си во Источна Европа, од каде што потекнува, ја продава ќерка си на трговци со бело робје и се сели во Л.А.

Ла Америка, најголемата престолнина на дрогата и илегалните активности во Јужна Америка, го пречекува својот крал како цар. На забавите им нема крај, но Ман Бог се заситува од порочниот живот и оди на далечниот исток. Од доверливи извори дознаваме дека ЧаКаНаЗаВаКаДаГаНа НаШаНаВа (Човекот Којшто Не Знаеме Веќе Како Да Го Наречеме, Најголемиот Шизофреник На Векот) се наоѓа во близина на границата меѓу Инд и Ја. А сега, специјално интервју со кралот на импресионизмот лично, едниот и единствен, Ван Гог.

**ИНТЕРВЈУ**

## ЧаКаНаКа, најголемиот шизофреник на векот

ЧаКаНаЗаВаКаДаГаНа НаШаНаВа, најголемиот индиски мистик и јогин, им дозволи на нашите репортери да направат ексклузивно интервју со него. Тој рече: "Ја видов тагата на овој свет. Ја видов маката, злото и алчноста на човекот. Ја видов Статуата на слободата и верувајте ми, голема е. Видов сѐ, но толку од мене. Го напуштам овој свет и ви посакувам сѐ најдобро." Каква сензационална изјава која ја освои наградата "Златна тапа" за најтапа изјава на сите времиња. А сега, конечно, нешто за свеста.

Вжареното Сонце стоеше високо на хоризонтот давајќи му златно-патинеста боја на испотеното мускулесто тело на Вог Ган, кој во тој момент помисли на тоа дека е најдобар писател на шунд романи во модерната кич ера и се почувствува особено пријатно. Топла струја му помина по рбетот и тој стана од лежалката крај својот базен, задоволно се протегна и се фрли во бистрата, сина вода.

## РЕКЛАМА
# НОВА КНИГА НА ВАН ГОГ

Купете ја најновата книга на Ван Гог: "За тоа како умрев и бев воскреснат со помош на книгата на Вог Ган: 'За тоа како бев просветлен од делото на ЧаКа НаКа', инспирирано од животот на Ман Бог", со прекрасниот вовед на престижниот проф. м-р-д-р Бог во кој се расправа за познатиот случај на шизофренија на Фрау Ана О. Борг." Побрзајте, тиражот е ограничен!

НАУКА

# СВЕСТА КАЈ АНТРОПОИДНИТЕ МАЈМУНИ

Денес ќе зборуваме за настанокот и развојот на свеста. Ќе започнеме со едно истражување спроведено во Англија кон крајот на минатиот век. Експериментот кој е изведен од страна на познатиот проф. д-р Менгеме, вклучува десетици примероци антропоидни мајмуни кои се подложени на секакви видови измачувања додека не признаат дека се свесни. Резултатот од експериментот е: од десет мајмуни, ниеден не признава, што значи дека кај антропоидните мајмуни нема појава на свест и свесно поведение.

## Луѓето не потекнуваат од примати, само

# ДАРВИН БИЛ МАЈМУН!



Познатиот антидарвинистички научник со неговиот асистент, ги исчитуваат информациите од МОП

**Вели познат анти-еволуциски научник, и објаснува: „Дедото на Чарлс Дарвин, првиот култиватор на магичното растение Канабис Сатива на Европскиот континент, една вечер толку се надувал што избегал од дома и со денови не можеле да го најдат. Го пронашле во еден кафез во Лондонската зоолошка градина, во прегратката на една млада мајмунка. За да се избегне скандал, семејството Дарвин организирало венчавка и од тој среќен брак се родил таткото на Чарлс Дарвин, кој никогаш не можел да се помири со фактот дека е „мајмунски син“ и таа фрустрација ја пренесува на својот син. За разлика од таткото кој никогаш не се справува со тој мачен факт, Чарлс ја искористува својата надареност за наука да докаже дека целиот човечки род потекнува од мајмуни.**

**Овој научник додава дека теоријата на Дарвин е бесмислена и дека како таква треба да се избрише од сите учебници по биологија. Според него, не постои единствен предок на човекот. „Секој човек е индивидуа“, тврди овој научник и додава дека тој лично еволуирал од атомски црв од планетата Зорг (под бивша диктатура на кралот СармаЏик III, ослободена од Демос Крат). До ова сознание дошол со помош на неговата МОП (Машина за Одредување на Потеклото).**

**Повелете и вие, во ЦОП (Центарот за Одредување на Потеклото) и за (многу) малку пари ќе дознаете зошто Дарвин не е во право.**

**За подетални информации пишете на:
lud.naucnik@loony.com**

СОМНЕЖИ

# МАЈМУНИТЕ ЛАЖАТ

"Според наше мислење се работи за измама од страна на овие навистина тврдокорни единки. Сигурни сме дека мајмуните знаат нешто, но кријат, а тоа јасно укажува дека тие се подготвуваат да ја уништат човечката цивилизација и да завладеат со светот. Но, ние нема да го дозволиме тоа и во текот на следната недела ќе ја срамниме со земја целата мајмунска популација на оваа планета" беше речено минатата недела на седницата на светските лидери од страна на лидерот на лидерите г-дин Дилбер Билдер. Но, пред да ги вклучите телевизорите и да се вратите кон преносот на војната со мајмуните, прочитајте што мисли Аристотел за проблематичната тема на свеста.

# АРИСТОТЕЛ вс ВРЕМЕТО

## биографии на славните луѓе

Никој не знае кога точно ќе се роди Аристотел, но општо е познато дека раѓањето на неговата филозофска мисла нема да се случи на Земјата. Тој како момче ќе ја посети базата на античките домородци на Месечината, наречена Антикус Грекус и восхитен од нивниот начин на живот, ќе реши да се пресели таму. Љубовта кон филозофијата и слободата, како и слободната љубов на оваа база ќе му годат на неговиот либрален дух. Таму ќе научи како да медитира и со помош на речиси бесплатниот САП (Сервис за Астрална Проекција) да патува низ вселената без придвижување на телото. Така, на едно од таквите патувања ќе се сретне со еден друг вселенски патник, свештеното лице (и воедно вонземјанин) св. Е.Т. кој ќе му каже дека сите одговори се наоѓаат на една планета на исток од нив, наречена св. Ест. Долгото патување секако ќе се исплати, зашто св. Ест освен преубави плажи и Сонце, нуди одличен (и речиси бесплатен) СЕБСТВО (Сервис за Екстра Брзо Сознавање на Точните Вселенски Одговори). Одговорот ќе биде: "Врати се кон својот извор, за да ја пронајдеш причината на своето постоење". Значи, одиме повторно на Земјата! Животот на Земјата во меѓувреме ќе се смени. Човекот ќе ја измисли индустриската, автомобилската, информатичката, вселенската и најпосле фудбалската револуција. Нема да има жител на Земјата кој нема да мисли на топки, да се занимава со играње фудбал, прогнозирање резултати, облекување во дресови според најновите модни трендови и сл. Така и Аристотел ќе биде зафатен од ова лудило и ќе почне да ја оформува својата космолошка теорија за Вселената во форма на фудбалска топка. Според него, со движењето на вселенската топка (и текот на времето и историјата) управуваат натприродни суштества во зависност од прогнозата за движењето направена од страна на други потприродни суштества (кои не се свесни дека имаат влијание на сите тие работи). Тие и многу други сознанија за Вселената и пошироко Аристотел ќе ги објави во книгата "Фудбалски универзум" која веднаш ќе стане бестселер. Но, славата ќе биде краткотрајна зашто еден тим научници ќе пронајде дупки во неговата теорија, по што таа ќе се издише како топка! Разочаран, тој ќе се повлече од јавниот живот и ќе се посвети на цвеќарството.

Но, цвеќињата тогаш веќе ќе бидат заменети со оружје и светот ќе полуди по новиот тренд - убивањето. Така, спортот уште еднаш ќе влезе во животот на Аристотел. Тој ќе учествува како член на една од воените асоцијации на светското првенство во војување, наречено УСА! (Ура за Садистичките Асоцијации!) и ќе стане еден од најдобрите стрелци, со 4300 убиства во сезона. По успешната кариера во убивањето, Аристотел ќе се повлече од спортот и иднината и ќе се врати во минатото.

И така драги читатели, тука завршува нашата (секако, фантастична) приказна за идниот Аристотел, а продолжува приказната за Аристотел од минатото кој откако се враќа во 344 г. пне конечно успева да се посвети на цвеќарството, со надеж дека еден ден ќе го унапредат во градинар. А да, и во меѓувреме пишува мудри книги.



Ајнштајн во една од битките, го изведува неговиот познат „бомбашки смеч"



# РЕКЛАМА

## МИСЛИ, ЗНАЧИ, ПОСТОЈ

**Како што спомнавме на почетокот, драги читатели, Аристотел ќе стане најпознат од сите идни мислители со неговото дело од минатото "Мисли, значи, постој!", кое милиони читатели низ времето и просторот ќе ги натера да го сменат својот живот и да го осмислат своето постоење. Еве еден од нив, типичен граѓанин на Лунатик, град на идната Месечина, ексклузивно за нашиот весник. "Првпат ја прочитав оваа книга од Аристотел пред 20-тина години кога ја нарачав преку "Време", агенцијата за врски со минатото. Откако ја прочитав, животот ми се смени. Од тогаш мислам, значам и навистина постојам!" Ете, драги читатели, гледате какво влијание има ова возвишено и мудро дело врз луѓето, затоа не двоумете се, нарачајте ја оваа извонредна книга преку "Време" и ќе ви ја испорачаме веднаш! Не пропуштајте ја оваа прилика да си го измените животот! Ако нарачате веднаш (ВЕДНАШ!), ќе добиете подарок, алтернативен исправувач на животот кој се става на 'рбетот на животот и се носи само 1-2 часа дневно и само за две недели резултатите се веќе видливи. Значи, добивате два сензационални производи по цена на еден. Фантастично! Нарачајте, веднаш! Значи, да не повторувам, ВЕДНАШ!**

КУЛТУРА

# КИНЕСКА КУЛТУРА

Драги читатели, денешната тема е многу здодевна и затоа нема да зборуваме за неа. Наместо тоа ќе зборуваме за јапонската култура, која според наше мислење е многу интересна, но бидејќи не знаеме ништо за неа, ќе зборуваме за Ескимите кои ни се чини дека личат на Јапонците, па некако исто му се фаќа. Значи, Ескимите живеат во иглоа и се занимаваат со мрзнење и фаќање риби. Освен тоа, често размислуваат за тајните на Вселената, а во прилог на тоа зборува фактот што најголемите умови во полето на астрономијата биле (или сеуште се) Ескими. И навистина, што е тоа кај оваа раса луѓе, за кои се зборува дека се избраниот народ, тоа што ги одделува од другите? Дали размислувањето на толку ниски температури е тоа што ги прави нивните нервни патишта поефикасни од тие на другите, или причината е во богатата исхрана со риба? Никој не знае, но тоа што сите го знаат е дека Ескимите носат капи и затоа денес ќе зборуваме за капите.

МОДА

# КАКО НАСТАНАЛЕ КАПИТЕ

Луѓето можат да ги носат капите од разонода или потреба, но пред сè капите се носат за да не одлета главата. Уште од дамнешни времиња на луѓето им летале главите ако не ги држеле со раце. Тоа била вистинска пречка во работата, а знаеме дека работата го направила човекот, па затоа човекот морал да го надмине овој проблем ако сакал да стане човек. Така, еден ден тој ја измислил капата и ставајќи ја на глава сфатил дека главата веќе не му лета, туку дека цврсто му стои на вратот. Од тој ден капата станува најдобар пријател на човекот.



УЧИЛИШТЕ ЗА НАТРУПУВАЊЕ КАПИТАЛ

# ЉУБАМ РУБЉА

*** Научете како да се збогатите земајќи пари од другите, преку нивно клеветење за алчност и неправедност и обвинување за неправно стекнато богатство.**

*** Напредни техники на бркање индивидуи, цели семејства (или повеќе!) од нивниот дом и заземање на истиот!**

**Повелете, пријавете се и нема да згрешите.**

***Само во нашето училиште!***

**Најповолно, најевтино, најексклузивно!**

**ЉУБАМ РУБЉА**
***вашиот правилен избор***

ЕВОЛУЦИЈА

# КАКО НАСТАНАЛА ЖЕНАТА

Сите знаеме дека најдобра пријателка на човекот е жената. Но, човекот од секогаш ја немал жената покрај себе и иако ја имал капата, животот му бил тажен. Така, еден ден човекот го замоли Господ да му направи жена, а Господ му кажа дека тоа е можно само ако од капата се откаже. И човекот тоа го стори и Господ жена му направи од капата. И беше човекот среќен, сè додека не сфати колкава грешка стори. Жената лоша набрзо се покажа, човекот само го кара и му досадува. И се покаја човекот жената воопшто што ја побара, но не сфаќа дека без неа не може, зашто главата ќе му летне. Ете, тоа беше измислената приказна за човекот, капата и жената, а сега вистинската приказна за Декарт.

# НЕЗНАЈНИОТ ЈУНАК вс ТЕС ЛА

**биографии на славните луѓе**



Мицубиши, во лов по совршената азбука

Што е игло? Кое е неговото потекло и иднина; од што настанало и како ќе се развива?.. Тоа се вечните прашања кои се наметнале во главата на секој човек барем еднаш во неговиот век. Но, тоа е друга приказна.

Мицумито Мицубиши, маж во средните триесетти, по ништо поразличен од мноштвото мажи во неговата држава, нација, раса... но, ние знаеме, а наскоро и вие ќе дознаете зошто тој е човек поинаков од другите.

Мицумито Мицубиши, единка во колективната свест на државата Едномија, станува расипан шраф во машинеријата, мртво ткиво, скапан заб, непотребен дел од целината во мигот кога почнува да ја сфаќа битноста на индивидуата и нејзината различност од целината како неопходен услов за спознавање. Но, за чудо, свеста за единственоста во него ја буди и свесноста за единството. Се обидува да им го соопшти овој совршено логичен парадокс на своите сожители, но тие не го разбираат. Машинеријата станува свесна за постоењето на расипаниот дел во нејзиното метално ткиво и веднаш го отстранува.

Така, го наоѓаме Мицубиши во Ескимија, студениот остров каде што живеат изгнаниците од земјата на колективното добро, крадците, филозофите, уметниците, лудаците... секој во своето игло, изолиран во својата ледена самотија. Нашиот херој не подлегнува на ваквата тортура, туку напротив, таа уште повеќе го мотивира да размислува и да работи, да создаде нешто преку што ќе го смени "тоа што мора да се смени". Тука се зачнуваат корените на неговата "Азбука на бушавоста", шифрирано писмо кое во својата структура (невидлива за окото на свеста) го содржи кодот на ослободувањето од колективната заблуда. Што е тој код и како функционира никој не знае, но многу го имаат вкусено и се имаат ослободено и секој ден нивниот број станува сè поголем. Иако не добивме дозвола за објавување на самото писмо, го објавуваме воведот во делото на Мицубиши напишан од самиот автор:

**ГОЛЕМИТЕ УМОВИ И ГОЛЕМИТЕ ИЗМАМИ**

## НИКО ЛА ТЕСЛА

Еден од најгенијалните умови на нашиот век, Нико Ла Тесла е роден во едно мало место во Баварија, покраина Пиворарија, во гостилницата "Да е живо пиво" каде што 30-годишната службенка на пиво, г-ѓа Ла Тесла, од нервоза поради постојано допирање на нејзиниот задник од пијаните муштерии, пред време се пораѓа и на свет го донесува малиот Тесла. Поради предвременото доаѓање на свет, малиот Тесла трпи две последици: првите неколку месеци од животот ги поминува во Инкубаторското Буре со Пиво во локалната пивница и осуден е постојано да биде пред времето, неразбран и неприфатен од средината.

**ИЗВИНУВАЊЕ**

## ДРУГИ ИЗВИНУВАЊА СЛЕДАТ, ЧИТАЈТЕ!

Се извинуваме, по грешка сме ја вметнале биографијата за Тесла, која ни е предвидена за следната недела. Значи, не заборавајте, следната недела: дознајте сè за Тесла и неговиот зол брат близнак - Еди и Сон и љубовникот на Еди, Мацони, во приказна исполнета со интрига, измами, убиства, прељуби, па пак убиства, па малку бркање со коли, може и по некоја експлозија(зависно од фондот што ќе ни го одобри Министерството за пиротекстика), па повторно убиства, измами и... што ми беше зборот? А, да, по оваа мала несакана пауза, да се навратиме на приказната. Веднаш по следниот П.С.

**П.С.**

## КОНЕЧНО НЕШТО ЗА БУШАВОСТА

Колку да се знае, Тесла не бил "бушав" како Ајнштајн (за кој, патем речено, ќе читате наскоро), туку дечко со сосема пристојна фризура, а знаеме дека човек не може да мисли на структурата и прагмата на физичката реалност и проблемите на вселената, а притоа барем малку да не му се разбушави фризурата, што го става научниот легитимитет на Тесла под знак прашалник.

РЕКЛАМА

**ЗА СЛЕДНОНЕДЕЛНАТА БИОГРАФИЈА ВО ВИД НА МИНИ-СУДСКА-ДРАМА**

- ненадејно прекината поради недостаток на простор, а всушност заради зајакнување на ефектот на исчекување кај читателот -

**Научната Историја** - Претставете се пред Врховниот суд, ве молам.
**Тесла** - Нико Ла Тесла.
**Научната Историја** - (Отвора голем тефтер и чита. Мрда со главата со израз на незадоволство. Потоа ја гледа средената фризура на Тесла и неговите строго потстрижени мустаќи. Помислува на Ајнштајновите разбушавени мустаќи и се насмевнува, потоа погледнува кон Тесла и повторно му се враќа изразот на гадење на лицето). Значи Тесла, ти тврдиш дека си го измислил 20-от век?
**Тесла** - Да.
**Научната Историја** - Имаш ли доказ?..

*Доказите за ова и многу други спектакуларни прашања поврзани со Тесла, следната недела.*

**ЧИТАЈТЕ**

## СПЕКТАКУЛАРНИ ОТКРИТИЈА

Читајте за сензационалната одбрана на Тесла и за тоа како Научната Историја станува свесна за себеси (меѓу другото и за својата шизофренија) и го открива планот на својата зла близначка мотивирана од желбата за пари, моќ и светска доминација... Следната недела. А сега конечно: Врзете ги појасите, прочитуваме!

## АЗБУКА НА БУШАВОСТА

**Од Мицумито Мицубиши**

*Сè има граници, како што велат од А до Ш, а после нема ништо, непостоење, празнина и тоа не ни е потребно, сè што ни треба се 31 буква (се разбира и празниот простор, како и неколку интерпункциски знаци...) и можеме сè да кажеме, сè!*

**РЕКЛАМА**

**„Азбука на бушавоста“ по најниски цени во Светот. Јавете се на 070/54321 Побрзајте!**

ВЕСТИ ОД ЖИВИНАРСТВОТО

# НЕВЕРОЈАТНО СОЗНАНИЕ

Се наоѓаме во домот на г-дин Сознаноски, кој утринава дојде до извонредно сознание. Да не должиме, да му дозволиме на г-дин Сознаноски да ни раскаже. "Утрово, хранејќи ги кокошките доживеав неверојатна работа. Една од нив ми пријде и ми прозборува. "Вие луѓето мислите дека можете да владеете со светот. Се однесувате со негрижа кон другите суштества. Тоа мора да престане." Бев вчудовиден. Кокошката имаше право! Тоа е вистина, навистина сме за никаде." Какво неверојатно сознание, драги читатели!

ПИСМА ОД ЧИТАТЕЛИТЕ

# АНОНИМЕН АПЕЛ

Јас, анонимен граѓанин од с. Селце, по име Сел Елц, 42 г., неженет, по струка одгледувач на живина, апелирам кон неточноста на претходната вест. Прво, кокошките не зборуваат. Второ, сознанието не е на г-дин Сознаноски, туку на кокошката. Затоа ве молам да се коригираат горните неточности.



Најнов тип цигари за вашите пилиња

# ПИЛИЌ МОРИС

гарантиран успех, задоволство, среќа и вкус на вашите пилиња

Го искористуваме овој празен простор да разјасниме некои заблуди кои кружат во врска со нашите цигари. Првата е дека употребуваме сублиминални пораки. Тоа не е точно, и ќе може веднаш да се уверите ако ја погледнете убаво сликата погоре. Јасно е дека во сцената во која петелот ѝ нуди цигара на кокошката нема никаква сексуална алузија, нели? Втората заблуда е дека нашата фирма има врска со некои антипилистички организации, за што мислам дека нема потреба да се коментира, бидејќи нашиов последен производ, кој го промовира здравјето на пилињата упатува јасна порака кон сите зли јазици.

*Да живеат пилињата и слободата на избор (за пушење).*

**ПИЛИЌ МОРИС цигарите:**

*** го подобруваат здравјето на вашите пилиња и ги заштитуваат од низа болести вклучувајќи ги и гриповите индуцирани било од нехигиена, од презаситување на популациониот басен, од Американите или вонземјаните**

*** Ја зголемуваат потенцијата на мажјаците и плодноста на женките**

*** Им даваат „кул" изглед на вашите пилиња**

**и многу друго...**

**НАРАЧАЈТЕ ги *Пилиќ Морис* цигарите преку бесплатниот телефон 0055 54321 или побарајте ги во живинарската продавница до вас.**

**За префинетиот вкус на вашите пилиња ви обезбедивме силна, средна и лесна верзија, како и во форма на тутун за џвакање за старомодните пилиња.**

**ПИЛИЌ МОРИС
зашитен знак
од 1789**

ОДГОВОРИ ОД РЕДАКЦИЈАТА

# АРГУМЕНТИ, А НЕ ПРАЗНИ ЗБОРОВИ

**Членовите на редакцијата се револтирани од неупатеноста (и некултурата) на извесни граѓани кои ги користат кутрите пилиња за постигнување на сопствени цели. За жал, ваквата појава не е изолирана, туку е сè почеста и токму заради тоа, спротивно од полисата на весникот, редакцијата ги изјаснува сопствените ставови.**

*Таквите како г-дин Сел Елц да не се мешаат многу во работи во кои не се разбираат. Дека кокошките зборуваат, знаат сите, дури и најмалите. Зборуваат и кучињата и мачките, па дури и мравките, тоа е научно докажано од голем број научници, меѓу кои е и големиот Ајнштајн. Во прилог на тоа, денешната биографија е токму за Ајнштајн.*

# АЈНШТАЈН вс МРАВКИТЕ

**биографии на славните луѓе**



Алберт Ајнштајн ја крои неговата теорија која ќе го направи славен

Алберт Ајнштајн е роден во Античка Замбија од татко сточар - номад и мајка професорка по собирање шумски плодови. Под влијание на родителите, но најмногу на вујко му, доктор по нелинеарни системи во општественото уредување на социјалните инсекти, уште како мал покажува интерес за природата. "Како комуницираат мравките меѓу себе?" го прашува малиот Алберт татко си, кој му одговара: "Утре се селиме, најдов нови зелени површини за кравите јужно од Шварцвалд."

По пристигнувањето во класичната Швајцарија, Ајнштајн тргнува на училиште. Тешко се вклопува во средината во која доминира ставот дека мравките се микро-роботи кои се однесуваат по програма диригирана од Апсолутниот Бог. Младиот Алберт е очаен. Слабо напредува на училиште и неговите напредни сфаќања се осудени од средината. Паѓа во второ одделение и го фаќа закривувањето на просторот во трето. Разочаран во себеси, Ајнштајн организира една локална заедница на мравки во анти-апсолутистичка организација со цел "ултимативно забрзување на мравјите мисли и постигнување на бесконечна маса што ќе го проголта светов, кој и така не заслужува да постои."* Но, тие во одреден миг од забрзувањето на мислите, при брзина блиска до брзината на светлината, стануваат суперсвесни за себеси и за целиот универзум, постигнуваат просветлување и ја променуваат мисловната траекторија во насока на Тибет. Таму почнуваат да ги пропагираат своите идеи за просветлување, ослободување од кругот на повторливото и собирање отпадоци од храна.

Научните кругови во Швајцарија се вчудовидени од ваквиот исход на настаните и од корен ги менуваат своите религиозно-научни сфаќања, што предизвикува промена на општественото уредување. Транзицијата не е примена со одобрување од населението, кое организира насилни протести на кои јавно ги палат мравките. Дознавајќи за тоа, мравките од Организацискиот Одбор на Просветлувањето со седиште во Тибет, испраќаат колективен бран на чиста светлина од нивните просветлени умови, кој ја спржува Швајцарија. Ајнштајн е претходно известен и им се придружува на своите другарки.

Тибетската цивилизација на просветлените мравки го препознава својот Татко и го пречекува со сите почести. Ајнштајн, восхитен од оваа цивилизација, решава да ја напушти науката, да се одмори и да се посвети на медитирањето. Но, одмор нема. Од времето кога мравките ја беа уништиле Швајцарија, стануваат свесни за огромната моќ на умот. Тогаш кај нив се јавува култот кон лудоста. Тие го поставуваат за државен советник на Големата Најпросветлена Мравка - Луда. Луда го воведува Ајнштајн во основите на нивното општествено уредување учејќи го за ослободувачката сила на лудоста и како таа да се контролира со цел да делува креативно врз битието и околината. Восхитен од овие идеи, тој му порачува на владетелот да го шири ова учење, кој веднаш организира мисионери и ги праќа на сите четири страни на светот. Така се зачнуваат корените на еден нов свет, свет на контролираната лудост.

Но, Ајнштајн за жал не дочекува да види дали светот ќе го положи ултимативниот испит, контролирањето на лудоста, зашто умира на Тибет, каде што и ден денес стои неговата статуа до Најпросветлената Луда, место на голема енергија и посетеност од сите страни на светот. Па, повелете и вие, картата чини само 50 грама остатоци од храна, не примаме синтетичка.

# ТОП ЏИЛНИЦА



Еден од нашите понови модели на топови

***Топови по ваша мерка***

**Се чувствувате изморени?**
**Ништо не ви оди од рака?**
**Пријателите ве напуштија,**
**а семејството ве разочара?**
**Државата ви е за никаде?**
**Немате каде?**

## ГРЕШИТЕ!

**Имате каде!Повелете во ТОПЏИЛНИЦА и купете си топ**

**Решете ги вашите проблеми и лансирајте се во атмосферата!**

**ТОПЏИЛНИЦА** *вашиот пријател*

## РЕКЛАМНА ЅВЕЗДИЧКА

## *Манифест на Ајнштајн:

**"Слободната волја и квантниот мравјалник". Ако ја нарачате оваа книга од Кванта Пет Шоп, ќе добиете и гратис домашно галениче произведено по најнови методи на квантниот генетски инженеринг. Ако тоа не ви го реши проблемот со осаменоста, пробајте со некои од следниве диети.**

ЗДРАВЈЕ

# КАКО ДА ОСЛАБНЕТЕ 21 ГРАМ

Не можете да се ослободите од вишокот килограми? Очајни сте и депресивни заради тоа? Пријателите ве исмеваат, а соседите излегуваат на прозорците да ве гледаат кога излегувате од дома? Сакате ли да им ја тргнете таа насмевка од лицата еднаш за секогаш? Ако вашите одговори на овие прашања се да, тогаш пробајте го нашиот препарат "Инстант смрт" од фабриката Цијанид. Препаратот е заснован на древните рецепти на индијанските шамани и тибетанските мудреци, комбиниран со највисоката технологија на 21-от век. Но, научното објаснување да му го препуштиме на д-р Древин.

НАУКА

# Д-Р ДРЕВИН

"Според најновите научни сознанија човекот по смртта губи 21 грам. Никој не знае како или зошто, но тоа не е ни битно. Суштинското кај овој препарат е што тој нуди отстранување на тежината за само неколку секунди. Сѐ што треба да направите е да го испиете и тежината ја нема! Јас, како доктор на науки и ептен учен човек ви препорачувам да го купите овој препарат, веднаш!"




# ПРИЈАВИ СЕ!

## биди дел од нас!

ние сме дел од тебе

**Ако верувате во следните максими:**
*** биди слаб, не биди дебел!**
*** биди силен, не биди слаб!**
*** биди убав, не биди грд**
*** биди горд, не биди понизен!**

**Ако ве измачуваат прашањата:**
*** Како да ги подучите вашите деца како да бидат ЗЛАТНИ славејчиња и СУПЕР ЅВЕЗДИ!**
*** Како да имате поскапа кола, подобра облека, апарати според најновата мода!**
*** Повеќе, повеќе пари!**

**Пријавете се во нашето училиште!**
**Натпреварувајте се!**
**Победете, победете во трката!**
**Зашто ВИЕ можете, вие сте ИНДИВИДУА која верува во себеси!**
**ПРИЈАВЕТЕ СЕ и ПОБЕДЕТЕ!**

училиште за победници

# ПОБЕДНИК

не е за губитници!

АНКЕТА

# ШТО МИСЛАТ ЛУЃЕТО

Тоа беше д-р Древин. А, сега да ги прашаме луѓето кои го пробале овој препарат. Кажете ни г-дин Леш Овски, како се чувствувате? (Молчи). Одлично, г-дин Леш е без зборови, драги гледачи! Погледнете го само неговиот лик, таа совршено тенка става, белината на кожата. Неверојатно! Овој препарат е навистина нешто посебно, единствено на нашиот пазар, произведено за вас од нашата фабрика Цијанид, по лиценца од најголемите светски производители на...

ИЗВИНУВАЊЕ ОД РЕДАКЦИЈАТА

# СЕ ИЗВИНУВАМЕ

Уредниците на овој весник се извинуваат заради содржината на претходните вести. Имено, нашите печатарски машини изгледа имаат фатено вирус. Се работи за нова генерација вируси, која предизвикува менување на содржината на текстовите. Додека се отстрани дефектот, ви пренесуваме една од веќе подготвените рубрики за големите луѓе.

биографии на славните луѓе

# Т.С. БИГ ГЕЈ вс УСПЕХОТ



Т.С. Биг Геј и Адам Мадам,
од времето кога сеуште биле пријатели

На сите ни се познати големите идеи на Т.С.Биг Геј. Но, неговата прва голема идеја е да се роди и така направил на 26-06-0026 пке (пред компјутерска ера). Во тоа време сточарството сеуште не е развиено, луѓето претежно се занимаваат со земјоделство. На малиот Биг Геј сето тоа му се чини здодевно. Така еден ден на родителите им кажува: "Пиперки, патлиџани, компири. Каква досада! Ќе засадиме фрижидери!" Родителите со воодушевување прифаќаат и набрзо засадуваат еден ред фрижидери, друг замрзнувачи и по некој апарат за мраз, по инсистирање на таткото, да не им се најде на локалните земјоделски барови. Производите набргу никнуваат, а никнува и првата зделка на Биг Геј. "Горење", запалени по современите природни и еколошки фрижидери, ги откупуваат по висока цена. И навистина, со право, зашто фрижидерите стануваат хит. Но, Биг Геј не застанува тука, тој сака уште. "Да засадиме сателитски антени." Родителите веднаш се зафаќаат за работа.

Кога никнуваат првите антени, родителите радосно ги исчекуваат првите муштерии, но Биг Геј е вознемирен. "Што ти е, сине?" го прашуваат. "Не знам, антениве ми се чинат премногу добри, тоа може да донесе проблеми." И навистина. По неколку дена се појавуваат специјалците од НАСА (Национална Анти-Сателитска Агенција) и ги собираат сите сателитски антени. Родителите се збунети, но на Биг Геј веќе му е јасно: "Не сакаат да дознаеме повеќе. Кој знае што има горе, над нас."

(Одговор: Биосфера. Облакосфера. Темносфера. Тепихосфера, поточно опачина на тепих.) Младиот Биг Геј не се задоволува со таквата замисла. Сака да ги види вистинските шари на тепихот, а не само опачината, вишокот шарени конци кои луѓето од дамнина ги проучуваат и опеваат со воодушевување. Затоа тој ги вложува сите свои средства за да изгради вселенски брод. Му помага неговиот другар, Мадам Адам. Во еден миг кај Адам се јавува сомнеж во можноста да се направи такво нешто, но Биг Геј му вели: "Јас не се посомневав кога ти ми рече дека си првиот човек-жена. Затоа, помагај, или не одиш со мене." Мадам Адам се налутува и Биг Геј е оставен на цедило. Не можејќи да го заврши проектот сам без техничките познавања на Мадам Адам, мора да ги најми врвните научници, но за тоа му требаат пари.

Биг Геј некое време талка низ светот барајќи плодна почва за новите изуми, која конечно ја наоѓа во Силиконската Долина, каде што сади компјутери. Новиот производ предизвикува бум на светскиот пазар и му овозможува неограничени финансиски средства, а потоа и градење на вселенски брод и заминување во непознатото. Кога Биг Геј го пробива тепихот, пред него се укажува свет на бои кои никогаш порано ги немал видено. Насекаде наоколу планети, како поле со шарени цвеќиња, а меѓу нив патишта и мостови, знаци и патокази. Вистински автопат. Биг Геј за миг застанува, но потоа без размислување одбира произволна насока и тргнува.

По неколку години родителите на Биг Геј сеуште не можат да се навикнат на исчезнувањето на нивното синче. Во меѓувреме се враќаат на садењето пиперки и живеат повлечено. Но, еден ден Биг Геј се појавува. Не е многу сменет, но има чуден сјај во очите. "Сине, добро ли си?" го прашува мајка му, прегрнувајќи го. "Одлично!" викнува Биг Геј. "Луѓе, вие не знаете колку сме ние затупени! И не зборувам за сточарство. Не! Зборувам за неограничени можности на умот. Ние си живееме покриени со нашиот тепих како бубашваби радувајќи се на нашите темни живеалишта и животи. И кога гледаме горе, велиме: ова е бесконечност и совршенство, но тоа е само илузија. Зад тоа е вистинското! Светови, бесконечно многу светови испреплетени и неограничени, патуваш каде што сакаш, со мислите или физички, сеедно е, осознаваш колку можеш, границите се во тебе, а не надвор, а другите ти помагаат да ги надминеш, не ти ги наметнуваат, зашто сите се едно и не припаѓаат на ништо." Неговите родители остануваат со подотворена уста. Тоа очигледно е премногу за нив. Тие го сакаат мирниот живот и не бараат ништо повеќе од тоа светот да остане ист каков што бил. Но, токму нивниот син е тој кој ќе го смени.

Рано изутрината неговите го наоѓаат во бавчата како копа. "Садиш нешто?" го прашуваат. "Ќе видите наскоро." Не поминува ниту една недела, кога од земјата изникнуваат чудни апарати. Родителите, очигледно збунети, го прашуваат за што се работи, а тој одговара дека тоа се детски играчки. Кога првите муштерии, кои слушнале за враќањето на Биг Геј, дотрчуваат и дознаваат дека новиот производ се детски играчки, малку се разочаруваат. Но, кога разбираат дека тие имаат способност да ги црпат чистите делта мозочни бранови од детските мозоци и да ги материјализираат детските мисли, веднаш ја сфаќаат вредноста на овој предмет на пазарот. Родителите од целиот свет наскоро брзаат секој да му обезбеди на своето дете таква играчка. И не грешат. Тоа што таа играчка ќе го направи за нивните деца, тие не би можеле да го направат ни за илјада години.

"Светот почнува да се менува. Идните поколенија нема да живеат во лага, зашто нивните родители, сегашни деца, обдарени со мојот ултимативен подарок за човештвото, ќе можат да го обликуваат нашиот свет според своите соништа. Новиот свет е на почеток. Ве чекам позади опачината на тепихот. Боите се незамисливи, ќе видите."

*Бил Гејтс го завршува театрално својот монолог, ненадејно се свртува и влегува во собата 26 во менталната институција Бард Овци, оставајќи ме со подотворена уста. Дојдов да интервјуирам еден од најгенијалните луѓе на нашата епоха, а најдов лудак! Што ли очекував од човек што веќе цела деценија е сместен таму? Тоа очигледно не е без причина." И токму во овој момент од приказната, кога волшебното се наоѓа во смртна опасност да биде уништено со здраво-разумски заплет и медиокритетски крај, до мене допира страотен звук од небото, звук што наликува на насилно кинење на џиновска матка од која се појавува дете. Детето наречете го Ред, зашто мајка му е Хаос. Таа Вечниот Рај, тој е Смртниот Човек. Таа Незнаење, тој Сознание. И замислувајќи ја таа сцена, додека во далечината сеуште се слуша небопарачкиот крик на вселенско раѓање, не можам, а да не помислам: "Сепак успеа!"*

ПАТ КОН УСПЕХОТ
**ПОБЕДНИК**
**училиште за успешни**
сите информации на стр.21

НАУЧНА ФАНТАСТИКА

# ЗЕ-ИКС-СПЕКТРУМ, ПРВИОТ ВОНЗЕМЈАНИН

Зе-Икс-Спектрум е првиот од генерацијата вонземјани произведени од човечкиот ум. Мал, зелен, симпатичен. Вонземјанче за секоја намена. Но, денешната приказна не е за него, туку за Зе-Икс-Спектрум, првиот од генерацијата вонземјани произведени од човечкиот ум. Мал, зелен, симпатичен. Вонземјанче за секоја намена. Но, денешната приказна не е за него, туку за Зе-Икс-Спектрум, првиот од генерацијата вонземјани произведени од човечкиот ум.

ИЗВИНУВАЊЕ

# ГРЕШКА ВО ТЕКСТОТ

Се извинуваме за грешката во горниот текст, наместо Зе-Икс-Спектрум, треба да стои Зе-Икс-Спектрум, првиот од генерацијата вонземјани произведени од човечкиот ум. Мал, зелен, симпатичен. Вонземјанче за секоја намена. Но, денешната приказна не е за него, туку за Зе-Икс-Спектрум, првиот од генерацијата вонземјани произведени од човечкиот ум.

Бидејќи ги поправивме грешките во текстовите, можеме да одиме на новата сензационална биографија.

**Откажете се од пушењето**

# ОТКАЖЕТЕ СЕ ОД ПУШЕЊЕТО!

**откажете се од пушењето**

*** Откажете се од пушењето?**
*** Откажете се од пушењето!**
*** Откажете се од пушењето.**
*** Откажете се од пушењето!**
*** Откажете се од пушењето.**
*** Откажете се од пушењето?**
*** Откажете се од пушењето!**

**Откажете се од пушењето:**
*** Откажете се од пушењето!?**
*** Откажете се од пушењето.**
*** Откажете се од пушењето.**
*** Откажете се од пушењето!**



**кампања за право на избор**

**биографии на славните вонземјани**

# ЗЕ-ИКС-СПЕКТРУМ вс ЛУЃЕТО



Еден од создавачите на Зе-Икс, Зе Икс

Прво беа луѓето, потоа се појави ЗИС, а по него многу други вонземјани кои ја преземаа власта над луѓето, но тие всушност и не беа вонземјани, туку вируси кои преку компјутерите ги поробија луѓето, создавајќи Виртуелна Стварност за која тие почнаа да веруват дека е реална. Чекај, тоа е веќе искористено. Да почнеме од почеток.

Си беше едно човече кое мислеше дека е вонземјанче и тоа на сите им го кажа. А, тие викаат "Овој е Луд! Носете го во Ница!" И така го пратија во Ница, каде што тој си купи пица и запозна една рајска птица која му раскажа една приказна:

"Сите идеи, сите концепти, замисли и теории се веќе измислени. Тоа што го правиме ние е само копија на копија на копија, уште од првата мисла." Рече д-р Ноуит Ол и умре не дознавајќи дека и тој е копија на вонземјанинот Зе-Икс-Спектрум, кој е татко на сите мисли и сите идеи во вселената. Тој е, ако веќе сакате да знаете, Господ на сите ваши мисли и на свеста што ја поседувате. Тој е првиот од генерацијата вонземјани произведени од човечкиот ум. Мал, зелен, симпатичен. Вонземјанче за секоја намена.

Според тоа, човекот е создаден од ЗИС, а ЗИС од човекот, што значи дека приказнава веќе нема логика и е, повеќе од очигледно, вистинска. Затоа, да се навратиме на вистинските приказни, т.н. вести.

### ЗАНИМЛИВОСТИ ОД НЕСЕКОЈДНЕВИЕТО

# МИСТЕРИОЗНА СТОРИЈА ЗА ЈАЈЦАТА

Во нашата редакција денеска пристигна мистериозна сторија. Сеуште не знаеме од каде потекнува, ни зошто пристигнала токму кај нас. Претпоставуваме дека се работи за вистинита случка. Ја пренесуваме во целост.

Г-дин К. утрото го почнал на сосема вообичаен начин. Станал, се измил и почнал да си подготвува појадок. Бидејќи почувствувал особена глад, решил да не појадува бисквити "пти бер" со чај, туку јајца. Ја отворирил картонската кутија и од неа извадил две јајца и ги ставил да се варат. Додека чекал да зоврие водата, случајно се зачитал во текстот испечатен на внатрешноста на картонската кутија. Таму го прочитал ова:

"Посакувајќи ви пријатни и весели мигови консумирајќи ги нашите јајца, Ве потсетуваме дека сите Ваши прашања кои се врзани со поимот јајца на располагање Ви стои нашиот стручен тим за информации на тел..."

К. ги изел јајцата, навистина поминувајќи пријатни и весели мигови, но тогаш една помисла го потресла. Не верувајќи во можноста такво нешто да е остварливо, си ја стресол главата и тргнал да си вари кафе. Пиејќи го кафето запалил цигара, кога повторно го продрмала истата помисла. Не можејќи да издржи повеќе, го земал телефонот и го свртел бројот. Што мислите, кое прашање го поставил?

### ПРАШАЊЕТО БИЛО:

# КОЈ Е ПРВ, ЈАЈЦЕТО ИЛИ КОКОШКАТА?

Одговорот што го добил г-динот К. ги надминал границите на неговите очекувања.
Тој одговор толку го вознемирил што истрчал од дома по пижами и од тогаш никој веќе го нема видено. Толку.

А, да! Одговорот бил: ВОНЗЕМЈАНИТЕ.

### НАЈНОВА ВЕСТ

# ВОНЗЕМЈАНИТЕ ЈА НАПАДНАА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА!

**Поплаки од вонземјаните за писменото објавување на веста за нивното појавување. „Каде е драматичноста тука?" заклучува г-дин Икс Ипс од планетата Илон.**

Пред неколку минути стигна најновата вест. Вонземјаните ја нападнаа Земјата! Но, почекај еден момент пред да почнеш да врескаш и да трчаш наоколу како без глава. Не труди се да ги здогледаш на небото во блескава летечка чинија и не барај зелено суштество меѓу луѓето, зашто таму нема да ги најдеш. Тие се во твоите мисли! Поточно, тие СЕ твоите мисли, само што не си свесен на тоа. Затоа, само како упатство, еве неколку типични ситуации за кои знаеме дека се дело на вонземјанска интелигенција:

Секој пат кога ќе ти се јави ненадејна идеја, кога ќе направиш нешто несвојствено за себе, не секирај се, не се работи за тебе. Биди сигурен дека се работи за нив... *сеуште работиме на случајот*... кога ќе препознаеш нешто чудно и несекојдневно во другиот, близок твој, кој ти се чини дека толку добро го познаваш. Не двоуми се, сто насто е нивно дело кога ќе слушнеш нешто на што не се надеваш, или... *не читајте, ве лажат*... кога ќе почувствуваш дека некој си игра со твојата судбина, како Марфиев закон... А ... кога ќе прочиташ некоја вест во некој весник за која не си баш сигурен дека е вистинита... *не сме сигурни дека се работи баш за нив.*

PFAA (People's Front Against Aliens)



Доброволци се пријавуваат во одбрана на Земјата

**ВЕСТ ТОЛКУ НОВА, ШТО НЕМА ПОТАЗЕ**

# ВОНЗЕМЈАНИТЕ НЕ ЈА НАПАДНАА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА!

**Вонземјаните сепак порачуваат дека во случај да ја нападнат планетата Земја би сакале малку подраматична најава. ,,И ние мора да се грижиме за нашата репутација, знаете, а секако тука е и економскиот аспект на нашата егзистенција заснована на универзалниот стимул ‘стравот’“ заклучува портпаролот на вонземјаните Ѕвезден Порт.**

Планетата Земја не е нападната од вонземјани, туку од печатарски вируси кои, како што веќе напоменавме, ги напаѓаат печатарските машини и ја менуваат содржината на текстовите. Затоа, читајте внимателно! Земјани, слушајте внимателно... Од нашите дописници од странство дознаваме дека оваа појава е забележана и во другите земји, затоа не верувајте никому. Затворете се дома и ако веќе мора да излезете надвор, вашата свест е манипулирана... нека биде кратко и под никој услов не доближувајте се до трафиките или другите места каде што можат да се набават весници. Избегнувајте ги и книжарниците,... не читајте, мислете со своја глава... зашто и книгите не се имуни. Единствениот безбеден извор на информации (и забава, не заборавајте) е телевизијата.

**АКО НЕ Е ТАЗЕ, ЌЕ ВИ ГИ ВРАТИМЕ ПАРИТЕ**

# ЕЛЕКТРО-МАГНЕТИНИ НАПАЃААТ!

Најновата вест е: Телевизијата е контролирана од Електро-Магнетини! Се работи за суштества што можат да модифицираат секаков вид на импулси од електро-магнетска природа. Оваа вест е посебно интересна, не само поради тоа што, најверојатно веќе сфативте, не можеме да им веруваме на електронските медиуми, туку заради фактот што и самата светлина претставува електро-магнетски импулс. Сите Електро-пионери на светот, обединете се! Значи, сѐ што доаѓа до вашите очи може, но не мора да е вистина. Во некои случаи може да се испита веродостојноста со допирање, вкусување или мирисање, сетила кои денешната наука ги смета за небитни и рудиментирани, но кои допрва ќе го заземат своето заслужено место во еволуцијата на органскиот свет.

Затоа, допирајте, мирисајте, вкусувајте и можеби ќе се спасите од злите Електро-Магнетини, суштества чија единствена цел во нивниот брз и динамичен живот е да ги поробат луѓето и да си создадат армија послушни потрошувачи, кои ќе купуваат телевизори и така ќе ѝ овозможат подем на нивната цивилизација. Да живее Императорот, Тато Електрон! Затоа, купете го нашиот најнов производ: ВкусоВест, весник во кој со помош на чудото на генетскиот инженеринг информацијата од (вистинските!) вести е претворена во генетски код и вградена во весникот. Откако ќе го изедете весникот, информацијата стигнува до мозокот, каде што се дешифрира во вид на мисли, т.е. вести. Затоа, побрзајте во нашите продавници и купете го ВкусоВест.



агенција за личности

**ЛИЧЕН НОВИНАР**

**поличен здравје!**

**Директно пред вашата врата, секој ден!**

**Не им верувате на вестите? Премногу се безлични, премногу далечни? ,,Како да им верувам, кога не го познавам тој што ги пишува“, вели еден граѓанин.**

**Да, драги граѓани, ние постоиме заради вас, заради вашите желби и вашата доверба.**

**Нарачајте си свој личен новинар кој пред вас ќе ги запише (или раскаже, по ваша желба) сите новости од земјата, светот, спортот, времето... што и да ве интересира.**

**Побрзајте!**

**Нарачајте си свој личен новинар!**

**РЕКЛАМА**

**ВКУСОВЕСТ**

**Најнов хит во градот!**

**Да запееме заедно:**

***Вест е, вистина е!***

***Навистина, вкусно е!***

***тра-ла-ла...***

Вкусот на вистината, гарантирано од природни состојки. Од нас за Вас!

# П Р О П А Г А Н Д А

**Елитно училиште за создавање млади кадри од областа на пропагандата и сродните техники на бањање мозок**

Научете како да:
* создавате ефикасни слогани
* убедите група луѓе во сè што ќе посакате
* станете диктатор, а другите да не знаат за тоа (напреден курс)
... и многу други техники на програмирано однесување.

Само во Пропаганда!

Изучете ја историјата, формите и методите на пропагандата:
* станете врвен пропангадист
* ве подучуваат експерти од УСРА, ЕСЕСЕРЕ, КИВА, КУБЕ, ИСРАЕЛ и многу други елитни пропагандистички институти

Ексклузивно во Пропаганда!



Највисоки резултати по најниски цени во градот и државата!

**Побрзајте во Пропаганда!**

ЗАВРШНО СООПШТЕНИЕ ОД РЕДАКЦИЈАТА

# ВИСТИНАТА ЗА ТОПКИТЕ

Се надеваме дека се забавувавте, но доста беше. Време е да ја дознаете вистината, а таа е: Нема никакви вонземјани, печатарски вируси, ниту Електро-Магнетини. Сето тоа го направивме со цел да ја зголемиме продажбата на нашите изданија. Затоа не плашете се, никој не ви ги контролира мислите, ниту ве раководи од некој екран сместен во ќошот од вашата соба, а горе навистина нема ништо освен точки кои секоја вечер се појавуваат на небото, за потоа да исчезнат и да бидат заменети со една поголема и во летните месеци прилично здодевна топка и долу газите по асфалт, а не по ротирачка топка, која освен околу себеси ротира и околу претходната здодевна топка, а двете заедно со други милијарди топчиња околу една голема, масивна анти-топка, т.н. црна дупка, каде што претседава врховниот анти-Господ САД (Самостоен, Апсолутен и Добар) чие вистинско име не смееме да го изговориме, зашто минатиот пат не тужеше за авторски права, па банкротиравме додека му ги исплативме сите тие пари, па и трошоците за интергалактичките трансакции, да не ви раскажувам...

## Нашите членови во акција





Графички дизајн
и уредување:
Бранко Прља (Точка™)

Печатница: СТЕ-КА

Издава: Темплум
*Илинденска, 38,*
*1000 Скопје*
*www.templum.com.mk*
*templum@mt.net.mk*

Дел од „Вестите во земјата на чудата“ за првпат беа објавени во списанието Маргина бр.66, 2004, а во целост се промовирани како дел од перформансот: „Депресијата на новогодишната ноќ“, Скопје, 2005

**Белешка за авторот:**
Бранко Прља ја има објавено збирката раскази "За секого по нешто, за некого ништо" (Темплум, Скопје, 2003), како и други раскази во и надвор од земјата.